**Активација на ранливи групи на пазарот на трудот**

Проектот е финансиран од Европската Унија

Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија во рамки на ИПА проектот „Активација на ранливи групи на пазарот на трудот“ финансиран од Европската Унија, а врз основа на Оперативниот план за активните програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на труд за 2023 година, усвоен од Владата на Република Северна Македонија, за мерката **2.1 Субвенционирање на вработување - ИПА**, на ден 26.06.2023 година, објавува:

## ЈАВЕН ПОВИК/ИЗВЕСТУВАЊЕ

до невработените лица во мерката 2.1 Субвенционирање на вработување

Се повикуваат евидентираните невработени лица евидентирани во АВРСМ, кои потешко се вклучуваат на пазарот на трудот:

- корисници на ГМП (гарантирана минимална помош),
- жени,
- Роми,
- млади до 29 години,
- лица со попреченост, и
- долгорочно невработени лица

да се пријават во работните клубови на Центрите за вработување на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, каде редовно се евидентираат како невработени лица секој работен ден од 09:00 до 14:00 часот.

Правото за учество се определува врз основа на условите и критериумите дефинирани за секоја поодделна програма односно мерка за вработување, како и врз основа на основни принципи кои треба да се почитуваат при имплементацијата на програмите и мерките за вработување, како и услугите на пазарот на трудот, односно:

- Принципот на диверзитет и инклузивност за сите општествени категории во приватниот сектор согласно принципите на правична и адекватна застапеност на етничка, полова, религиозна, расна или било која друга ранлива категорија на граѓани во согласност со стандардите и практиките на Обединетите нации и Меѓународната организација на трудот;
- Поттикнување на рамномерен регионален развој, во согласност со податоците од Бирото за регионален развој и степенот на развиеноста на планските региони во Република Северна Македонија.

Секој работодавач што ќе вработи невработено лице од гореспоменатите целни групи ќе добие финансиска поддршка за исплата на бруто плата, во износ од **19.000,00** денари месечно, за период од **6 месеци**. Работодавачот може на работникот да му исплати и повисока бруто плата од субвенционираниот износ.

Работодавачот кој ќе вработи невработено лице со оваа мерка, има обврска лицето да го задржи во работен однос по завршување на субвенционирањето во дополнителен период од уште **3 месеци.**

Условите, правата и обврските поконкретно ќе бидат уредени со склучување на договор помеѓу Агенцијата за вработување на РСМ, работодавачите и кандидатите.

Заинтересираните невработени лица можат да аплицираат до **25.08.2023**, или до исполнување на предвидениот опфат на корисници, односно до искоритување на буџетските средства наменети за оваа мерка.

Детални информации можат да се добијат во работните клубови на 30-те Центри за вработување на Агенцијата за вработување на РСМ, контакт телефонот 02-3111-850 и веб страната www.av.gov.mk , како и во ИПА канцеларијата на ipa@avrm.gov.mk .

**АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА**
**СЕВЕРНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Проектот е имплементиран од
**Агенција за вработување на**
**Република Северна Македонија**